БЛАГОЈА ЈАНАКОВ

# САМОСВЕСТА И СОЦИЈАЛНИОТ КОНТЕКСТ
## (Компаративно истражување)

## 1. ПРИСТАП КОН ИСТРАЖУВАЊЕТО

Еден од основните проблеми на хуманистичките науки е проблемот на детерминацијата на психичкиот живот, посебно за тоа какво и колкаво е значењето на социјалните услови и чинители на психичкиот живот. Поинаку речено, проблемот гласи: дали разликите меѓу единките се поврзани и, ако се поврзани, на кој начин тие се поврзани со условите во кои луѓето живеат и со разликите во нивното живеење? Ова е еден од основните проблеми и во изучувањето на самосвеста.

Одговорите на овие прашања од различните научни и филозофски ориентации и школи суштествено се разликуваат. Така, на пример, Декарт смета дека свеста на единката не го одразува надворешното, светот, туку самата себеси, и дека непосредно полесно се здобива сознание за душата, која е нематеријална, одошто за телото. Наспроти тоа, авторите кои поаѓаат од марксистичкото сфаќање за човекот (Анањев, Валон, Виготски, Малрие, Лурија, Кон и др.) сметаат дека свеста, па така и свеста за себе во пресудна мера зависи од социјалните услови, дека се изградува и развива благодарејќи, пред сè, на другите луѓе и на општењето со нив, како и на практинчата активност на единката. За Декарт свеста за себе е вродена, за марксистичките психолози таа не е вродена. Самосвеста, според нив, постапно се развива (и во текот на антропогенезата и историјата, и во текот на онтогенезата), а нејзиниот развиток зависи од условите, особено од социјалните, при што свеста за сопствениот психички живот не настанува полесно и порано од свеста за телото.

Ова истражување е изведено со цел да се добијат податоци во врска со прашањето за значењето на условите на животот, социјалниот контекст и животните активности на единката за самосвеста и за уште некои блиски психички појави. До такви податоци може да се дојде со компарација на луѓе кои потекнуваат од иста средина (со што се исклучуваат некои биолошки чинители), кои се

разликуваат според тоа што со години живеат во различни социјални контексти и што имаат различни начини и содржини на живеењето, посебно ако обавуваат различни типови основни производни активности.[1] Целта беше да се пронајдат средини кои последниве децении во помала мера се изменети и чии жители во помала мера се вклучени во настаните и процесите кои се одигрувала во нашето општество по Втората светска војна. Исто така, намера беше да се испитаат единки кои живеат на село и изведуваат традиционални дејности и единки кои се преселиле в град и таму изведуваат дејности кои не се традиционални или кои останале да живеат на село но се вработиле во општествениот сектор. Со ова истражување се сакаше да се испита и постоењето на разлики меѓу групи од различна етничка припадност и затоа е решено испитувањето да се изведе во едно село во Македонија и во едно село во Србија. Претпоставка е дека етничката припадност не е чинител кој во значителна мера влијае врз самосвеста.[2]

Основна претпоставка во ова истражување е дека разликите во социјалните услови на живеење и во живеењето на луѓето доведуваат до извесни разлики во самосвеста и во некои блиски појави: сфаќањето и вреднувањето на другите луѓе; свеста за тоа како другите луѓе го сфаќаат и вреднуваат субјектот (испитаникот); свеста за тоа дека меѓучовечките настани во кои учествува единката, сопственото поведение, своите психички појави и животниот пат зависат од самата единка и самоконтролата на поведението. Се претпоставува дека разликите се поголеми во онаа област на самосвеста (како и сфаќањето и вреднувањето на другите и свеста за тоа како другите го сфаќаат и вреднуваат субјектот) која се однесува на психичкиот живот.

Поаѓајќи од концепцијата за симболичката функција на Виготски (Виготский, 1982—1984) и Ивиќ (1978) и од тезата дека зборот е основно и најзначајно средство на самосвеста, може да се претпостави постоење поврзаност меѓу сложените психички појави, какви што се самосвеста и сфаќањето и вреднувањето на другите — и — говорната функција, посебно антрополошкиот речник (овој е определен како сума од говорни симболи кои се користат за означување и вреднување на луѓето). Можно е, на пример, да постои поврзаност меѓу степенот на развиеноста на самосвеста и фондот на антрополошкиот речник.

---

[1] Компаративни истражувања на самосвеста, во кои се врши споредување на групи со цел да се истражува социјалната условеност и историската менливост на самосвеста, има многу малку. На авторот му е познато само она на Лурија (Лурия, 1974) од почетокот на триесеттите години на XX век, кое послужи како инспирација за ова истражување.

[2] Истражувањето е изведено во две села, оддалечени од градови: Ореше, планинско село во о. Титов Велес, и Лободер, полупланинско село во о. Трстеник. Двеве села последниве децении стагнираат и во економски аспект се третираат како сиромашни, спаѓаат во групата на најнеразвиени села. Од средината на 50-тите години нивните жители, првенствено младите, масовно се иселуваат, најчесто во блиските градови. Последниве 15—20 години никој од младите не останал да живее и работи во селава. Сообраќајните врски на Ореше со најблиските градови се лоши, а Лободер од скоро со асфалтен пат е поврзан со Трстеник.

За испитување на самосвеста и наведените појави е конструиран полустандардизиран интервју, кој за самосвеста и првите две од наведените појави содржи осум аналогни групи прашања. Така, за самосвеста, која беше најдетално испитувана, се користени прашањата кои се однесуваат на: (1) глобалниот самоопис и глобалната самооценка, (2) разликите меѓу субјектот и другите луѓе, (3) знаењата за постоењето и степенот на изразеноста на некои психички својства, (4) знаењата за условите во кои се јавуваат некои емоционални состојби и некои облици на поведение, (5) предвидувањето на сопственото поведение, (6) посредното самоопишување, (7) свеста за промените кај субјектот во текот на животниот век и (8) самооценките, првенствено за сопствениот карактер и способностите (од последната група прашања, две прашања се поставуваа за оној дел на „идеалното Јас" кој се однесува на психичкиот живот). Поголемиот дел од прашањата се однесуваа на психичкиот живот. Исто така и поголемиот дел од прашањата со кои се испитуваа спомнатите две појави се однесуваа на психичкиот живот.

За проценување на секоја од наведените групи прашања се користени тристепени скали на проценка. Основниот критериум од којшто се поаѓаше при проценувањето беше бројноста на информациите содржани во одговорите на испитаниците. Единствено при проценувањето на одговорите од осмата група прашања како критериум се користеше степенот на диференцираноста (дали презентираните самооценки се глобални или диференцирани). Материјалот од интервјуата овозможуваше да се изведат уште неколку проценувања: за степенот на диференцираноста на самоописот, за степенот на изразената самокритичност, за степенот на стереотипноста на самоописот и др. Потоа, поаѓајќи од сите овие процени, на петостепена скала е проценуван степенот на развиеноста на самосвеста во целост. За останатите испитувани појави проценуван е само степенот на развиеноста на појавата.

Од материјалот, кој е снимен за секој испитаник, се извоени сите зборови кои самостојно се користени за опишување и вреднување на себеси и на другите луѓе. На тој начин се добиени податоци за фондот на антрополошкиот речник. Овие зборови натаму се класифицирани во шест категории: (I) биолошки речник — зборови за означување на биолошкото кај човекот, на пример: „рака", „срце", „коса", „мртов", „дише"; (II) социјален речник — зборови за означување на социјалните обележја, улоги и положби, на пример: „селанец", „работник", „сиромав", „православен", „татко", „коцкар"; (III) речник на активностите — зборови за означување на дејствата, типовите на активности и поведенија, на пример: „удри", „рече", „зборува", „пие", „милува"; (IV) психолошки речник — зборови за означување на психичките појави и својства, на пример: „карактер", „ум", „мислам", „идеја", „искрен", „вреден", „гледам"; (V) речник на вреднувањето — зборови кои се користат за проценување и вреднување, на пример: „добар", „лош", „просечен", „поубав", „сјајно", „грешно", „незгоден", и (VI) „шеста категорија" — преостанати зборови од антрополошкиот речник, на пример: „живот", „живеам", „збор", „туѓо", „убиен". На овој начин се добиени податоци за бројноста на посебните категории на антрополошкиот речнис.

Во истражувањето се користени следните независни варијабли: (1) место на живеење; (2) материјално-економска состојба на семејството на испитаникот; (3) некои карактеристики на микросредината на испитаникот при што се користени осум индикатори: а) број на членовите на семејството кои завршиле најмалку осумгодишно училиште, б) број на членовите на семејството кои завршие средни или висока школа, в) број на вработените членови на семејството, г) тип на дејностите кои ги обавуваат вработените членови на семејството (НК, ПК, КВ, ВК, интелектуални и одговорни дејности), д) број на членовите на поширокото семејство (фамилијата) кои завршиле најмалку осумгодишно училиште, ѓ) број на членовите на поширокото семејство (фамилијата) кои завршиле средна или висока школа, е) број на вработените членови на поширокото семејство на (фамилијата) и ж) тип на дејностите кои ги обавуваат вработените членови на поширокото семејство (фамилијата); (4) возраст; (5) писменост; (6) образовно ниво; (7) тип на основната производна дејност; (8) вработеност; (9) еколошко-социјална мобилност; (10) фреквенција на читањето; (11) пол; и (12) етничка припадност. Бидејќи некои испитаници се во блиско сродство, тие се поделени во две групи; група на испитаници-родители и група на испитаници-деца.

Испитани се 65 луѓе. Бројот на машките и женските испитаници, како и бројот на припадниците на македонската и српската националност е речиси еднаков. Возраста се движеше од 18 до 78 години. Испитувањата се изведени во природни услови (најчесто во куќите на испитаниците) и на мајчиниот јазик на испитаниците. Разговорот со секој испитаник траеше по неколку часови. Испитаниците немаа увид во тоа кои делови од разговорот се снимани. Сниман е последниот дел од разговорот, во кој е воден интервју за самосвеста и останатите психички појави. Во останатиот дел на разговорот се зборуваше за селото и неговата околина, за семејството на испитаникот и др.

Од статистичките техники користени се корелациите (Пирсонова постапка) и $t$ — тестот.

## 2. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Интеркорелациите на процените за деловите и аспектите на самосвеста се движат од .13 до .69, т.е. тие меѓусебно се во умерено позитивни корелации. Корелациите на процените за деловите и аспектите на самосвеста со процената на степенот на развиеноста на самосвеста во целост се движат од .51 до .81, што зборува за прилично високата поврзаност на овие процени.

Меѓусебните корелации на процените за останатите четири испитувани појави се движат од .30 до .80. Корелациите на процените за овие четири појави со процените на степенот на развиеноста на самосвеста во целост се движат од .49 до .73.

Интеркорелациите на категориите на антрополошкиот речник се движат од -.07 до .55. Индикативно е дека негативни корелации се утврдени меѓу биолошкиот и речникот на активноста, од една страна, и психолошкиот речник, од друга страна. Корелациите на

фондот на антрополошкиот речник со посебните категории се умерено позитивни: најниска е со биолошкиот речник (.42) а највисока со психолошкиот речник (.72).

Процените за деловите и аспектите на самосвеста имаат умерено позитивни корелации (од .31 до .68) со фондот на антрополошкиот речник, додека со категориите на антрополошкиот речник се движат од -.17 до .79. Поголемиот дел на овие корелации се умерено позитивни. Ниски и негативни се со биолошкиот и со речникот на активноста, а позитивни и значително повисоки (во просек .60) со психолошкиот речник.

*Табела 1:* Корелации на категориите (I — биолошки речник; II — речник на активноста; III — социјален речник; IV — психолошки речник; V речник за вреднување; VI — „шеста категорија“) и фондот (Ф) на антрополошкиот речник со процените за степенот на развиеноста на: самосвеста (1), сфаќањето и вреднувањето на други луѓе (2), свеста за тоа како другите луѓе го сфаќаат и вреднуваат субјектот (3), свеста за тоа дека меѓучовечките настани, сопственото поведение и животниот пат зависат од самата единка (4) и самоконтролата на поведението (5).

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| I | -.01 | .00 | -.09 | -.11 | -.02 |
| II | .22 | .21 | .05 | .09 | .20 |
| III | .08 | .16 | .06 | -.07 | -.01 |
| IV | .84 | .60 | .48 | .62 | .61 |
| V | .48 | .23 | .22 | .01 | .16 |
| VI | .16 | .43 | .06 | .41 | .40 |
| Ф | .68 | .54 | .30 | .42 | .46 |

Корелациите на процените за степенот на развиеноста на самосвеста со категориите на антрополошкиот речник се движат од -.01 (со биолошкиот речник) до .84 (со психолошкиот речник), а корелацијата со фондот на антрополошкиот речник изнесува .68. Од табелата 1 се гледа и дека корелациите на процените на степенот на развиеноста на останатите психички појави со категориите на антрополошкиот речник се движат со распонот од -.11 до .60, а со фондот на антрополошкиот речник од .30 до .40. Индикативно е тоа што процените на степенот на развиеноста на сите испитувани појави имаат најниски корелации со биолошкиот и, особено, со речникот на активностите, тоа што овие процени се во негативна корелација само со спомнатите категории, а имаа највисоки корелации со психолошкиот речник.

Самосвеста на статистички значаен начин е поврзана со сите варијабли кои се користени во истражувањето, со исклучок на етничката припадност. Освен тоа, утврдени се статистички значајни

разлики (на нивоата .05 и .01, кои се проценети со $t$ - тестот) меѓу процените за самосвеста кај следниве варијабли.

— *Место на живеење:* Групата испитаници кои живеат на село имаат пониски процени на сите скали на процени (освен на една) во споредба со групата составена од испитаници кои еден дел од времето го проведуваат на село а другиот в град или кои живеат во град.

— *Материјално-економска состојба:* Групата испитаници составена од членови на семејствата со послаба материјално-економска состојба на сите скали е проценета со пониски оцени во споредба со групата составена од членови на семејствата со средна или подобра материјално-економска состојба.

— *Карактеристики на микро средината:* Разликите во процените за самосвеста во некои случаи се статистички значајни а во некои не.

— *Возраст:* Групата испитаници со возраст од 18 до 30 години на сите скали (освен на една) е проценета со повисоки оцени, додека групата испитаници од постара возраст се проценети со пониски оцени.

— *Писменост:* Групата составена од писмени испитаници на сите скали е проценета со повисоки оцени во споредба со групата составена од неписмени испитаници.

— *Образовно ниво:* Групата испитаници кои не се систематски образувани, иликои имаат минимално образование, на сите скали (освен на една) е проценета со пониски оцени, додека групата составена од испитаници со најмалку четиригодишно образование е проценета со повисоки оцени. Групата на испитаници составена од испитаници со средна или високо образование на поголемиот број скали е проценета со повисоки оцени во споредба со останатите испитаници.

— *Тип на основната производна дејност:* Групата испитаници кои обавуваат традиционални дејности на сите скали е проценета со пониски оцени во споредба со групата составена од испитаници кои обавуваат нетрадиционални дејности. Групата составена од КВ, ВК и работници кои обавуваат интелектуални и одговорни дејности на сите скали е проценета со повисоки оцени во споредба со преостанатиот дел на испитаниците.

— *Вработеност:* Групата вработени на сите скали (освен на една) е проценета со повисоки оцени во споредба со групата невработени.

— *Еколошко-социјална мобилност:* Групата испитаници која е помалку еколошко-социјално мобилна на поголемиот број на скали има пониски оценки во однос на групата испитаници кои во поголем степен се мобилни.

— *Фреквенција на читањето:* Групата испитаници кои воопшто не читаат или ретко читаат на сите скали се проценети со пониски оценки, а оние кои почесто читаат — со повисоки.

— *Пол:* Групата машки испитаници на сите скали е проценета со повисоки, а групата женски испитаници со пониски оцени.

Утврдено е и дека групата испитаници-деца на повеќето од половина скали е проценета со повисоки оцени во споредба со групата испитаници-родители.

Единствено во врска со етничката припадност разликите во процените не се статистички значајни.

Слични се и резултатите на анализата на податоците за останатите испитувани психички појави: со компарација на групите испитаници е утврдено дека поголемиот дел од разликите во процените на степенот на развиеноста на овие психички појави се статистички значајни на нивоата .05 и .01 ; проценети на овие појави на статистички значајно ниво се поврзани со сите варијабли, освен со етничката припадност.

Што се однесува до разликите во фондот на антрополошкиот речник и во бројноста на посебните категории на овој речник, утврдено е дека поголемиот дел на овие разлики се статистички значајни на нивоата .05 и .01. Но, додека само неколку од разликите во фондот на антрополошкиот речник и во бројноста на психолошкиот речник не се статистички значајни на спомнатите нивоа, само неколку од разликите во бројноста на речникот на активноста, речникот за вреднувањето и биолошкиот речник се статистички значајни на спомнатите нивоа. Освен тоа е утврдено дека бројноста на две категории и на фондот на антрополошкиот речник е поголема кај групата испитаници од македонска националност, што е статистички значајно.

Накратко, во ова истражување е утврдена статистичка значајна поврзаност меѓу сите испитувани психички појави и антрополошкито речник со сите спомнати варијабли, освен со етничката припадност.

*

* *

Со компаративна анализа на интервјуата со испитаниците се утврдени крупни разлики во самоописите и самооценките. Разликите во бројот на информациите кои се содржани во интервјуата (што е показател на обемот на самосвеста) се големи: бројот на изнесените информации за себеси и за своето кај некои испитаници е двапати поголем од бројот на таквите информации кај другите испитаници Но, евидентно е дека самоописите на сите испитаници содржат доволен број најосновни информации. Обемот на самосвеста зборува и за степенот на нејзината диференцираност.

Со ова е поврзана и димензијата на самокритичноста. Исказите на некои испитаници не содржат негативни оценки, односно тие не изнесуваат искази во кои е содржана самокритиката. Дел од испитаниците даваат искази во кои се содржани негативни самооценки. Во целина земено, бројот на презентираните позитивни самооценки е неколку пати поголем од бројот на негативните. Понатаму, утврдено е дека ретко се наведувани недостатоци и мани од психичка природа, што е барано со прашањата, а почесто е наведуван недостиг од работи и објекти од материјална природа (пари,

машини, подобра куќа и сл.) или е наведувано она што е од биолошки карактер (недостиг на здравје, сила, младост и сл.). Само мал дел од испитаниците даваат искази за недостатоците од психичка природа.

Во врска со „идеалното Јас“ испитаниците можат да се разврстат во три групи: оние кои не даваат одговори на прашањата за оној дел на „идеалното Јас“ кој се однесува на психичкиот живот, оние кои наместо за психичкото зборуваат за нешто друго (за куќа, земја, апарати, биолошки својства и сл.) и оние во чии одговори се наведуваат психичките својства и особености.

Во врска со степенот на соодветноста на самоописите може да се каже дека голем нивен дел во прилична мера е соодветен. Ова првенствено важи за оние делови на самоописите кои содржат основни лични и биографски податоци, а во нешто помала мера за деловите кои содржат информации за појавите кои можат да се перципираат: изгледот, постапките, поведението и активностите. Искази со помал степен на соодветност се првенствено искази од општ карактер, посебно општи самооценки.

Степенот на конзистентноста на исказите на испитаниците варира. Приличен број на испитаници изнесоа искази кои меѓусобно се несообразени, па и контрадикторни. Но, од покомплексната анализа на материјалот може да се види дека некои неконзистентни искази, всушност, овозможуваат соодветно самоопишување, односно дека некои од меѓусобно неконзистентните, вклучувајќи ги и контрадикторните искази, ја прикажуваат вистинската состојба кај единката и со неа.

За просторот кој личните области го заземаат во самосвеста, односно за степенот на истакнатоста на личните области на самосвеста, зборуваат неколку индиректни показатели, меѓу кои посебно значење им се придава на бројноста на категориите на антрополошкиот речник и на нивниот редослед. Најбројни категории на антрополошкиот речник се психолошкиот и речникот на активноста. Кај сите испитаници најбројна категорија е речникот на активноста или психолошкиот речник. Од сите категори на антрополошкиот речник најголема варијабилност има психолошкиот речник: од 7 до 67 зборови. Тоа укажува дека „просторот“ кој во самосвеста го зазема областа која се однесува на психичкиот живот може доста да варира. Варијабилноста на речникот на активноста е многу помала, што укажува дека областа на самосвеста која се однесува на поведението и активноста кај сите испитаници зафаќа релативно голем „простор“.

Во ова истражување од испитаниците првенствено е барано да даваат искази за сопствениот психички живот. Но, само кај помал дел од нив повеќето од исказите содржеа информации за психичките појави. Кај поголемиот дел од испитаниците, главно или често, исказите содржеа информации за нешто друго: за постапките, поведението и активностите, за биолошките својства и особености, за социјалните улоги и положби, за економската состојба и сл., и за физичко-материјалните објекти.

Исказите на испитаниците во голем број случаи се стереотипни. Ова посебно важи за одговорите на прашањата за промените во текот на животниот век, за самооценките, за желбите („идеалното Јас"), за разликите меѓу машките и женските единки. Една од особеностите на самоопишувањето и самовреднувањето е дека, општо гледано, тоа се прави првенствено од социјално-морален аспект.

Интересно е да се укаже дека за самоопишување, па и за самовреднување, повремено се користат метафори, аналогии, поговорки и сл.

Многумина испитаници на поголем број прашања, особено на прашањето од поопшт карактер и на прашањата кои содржеа апстрактни термини и поими, не даваа содржајни одговори. Полесно одговараа и даваа искази со поголема информативна вредност кога им беа давани разјаснувања и поставувани потпрашања. Многумина од испитаниците полесно даваа искзи за себе кога вршеа споредување со некои конкретни и познати единки. Прилечен број од испитаниците изјавија дека никогаш во толкава мера како за време на испитувањето не размислувале за себе или дека за поголемиот број од поставените прашања никогаш порано не размислувале.

Со компарација на групата испитаници кои се проценети со најниска оценка и групата испитаници кои се проценети со највисока оценка забележани се крупни разлики во: бројот на информациите за себе кои се изнесени во текот на интервјуто, степенот на диференцираноста на описот и оценката за себе и своето; степенот на самокритичноста и степенот на истакнатоста на различните области на самосвеста. Забележливи се, но во помала мера, и разликите во конзистентноста на самоописите и во адекватноста на исказите за себе и своето, како и разликите во степенот на индивидуализираноста на самоописите. Одговорите на испитаниците од првата група не ретко беа недоволно информативни или нејасни, а, од друга страна, на некои прашања даваа опширни, но недоволно економични одговори. Испитаниците од втората група полесно и побрзо даваа и глобални и диференцирани описи и оценки, а нивните одговори беа поекономични, т.е. поинформативни. За определени појави тие даваа психолошки толкувања и објаснувања, што речиси наполно отсуствуваше кај испитаниците од првата група. Значајно е и тоа што некои од испитаниците од вторатта група изнесуваа глобални самооценки со резерва (велеа дека ним им се чини дека е така, а, на пример, другите можеби не би се согласиле со нив). Индикативно е што испитаниците од оваа група имаа два пати поголем фонд на антрополошкиот речник во споредба со испитаниците од првата група и што кај нив најбројна категорија на антрополошкиот речник е психолошкиот речник. Кај нив степенот на развиеноста на останатите испитувани психички појави најчесто е проценуван со највисоки оценки.

Испитаниците од втората група речиси исклучиво се луѓе чија основна дејност не се традиционални дејности, чиј ниво на образование е значително повисок од нивото на испитаниците од првата група (најчесто се со средно или високо образование), кои со години живеат во градови или со години поголемиот дел од времето го минуваат во градовите и кои се социјално-еколошки помобилни.

*
* *

На крајот неколку збора за останатите испитувани психички појави. Утврдено е постоење на значајни разлики: во начинот на реагирањето, степенот на самоконтролата на поведението; во сваќањето дека интерперсоналните настани, сопственото поведение, психичките појави кај себе и сопствениот животен пат зависат од единката (кај некои испитници не постои укажување дека тоа во значајна мера зависи од единката, додека други јасно укажуваат на тоа); во свеста за тоа како другите единки го сфаќаат и вреднуваат субјектот (особено се изразени разликите во бројот на изнесените информации), и во сфаќањето и вреднувањето на другите луѓе. Во врска со последнава појава би можело да се повтори многу од она што е кажано за самосвеста, односно постојат многу сличности меѓу описите и вреднувањата на себеси и на другите луѓе. Но, постојат и разлики. Една од најважните е тоа што кај сите испитаници бројот на изнесените информации за себеси и своето е значително поголем од бројот на информациите изнесени за другите луѓе.

Што се однесува до антрополошкиот речник, утврдена е значајна варијабилност на фондот на антрополошкиот речник (од околу 60 до преку 150 зборови) и на бројноста на посебните категории на антрополошкиот речник. Утврдено е, како што веќе е речено, дека најбројни категори на антрополошкиот речник се речникот на активноста и психолошкиот речник и дека редоследот на категориите според бројноста кај испитаниците не е ист.

## 3. ЗАКЛУЧНИ РАЗГЛЕДУВАЊА

Целта на ова компаративно истражување беше да се добијат податоци за социјалната условеност на самосвеста, т.е. за поврзаноста на условите на живеењето, на социјалниот контекст и на животните активности со самосвеста и со некои блиски појави (сфаќањето и вреднувањето на други луѓе, свеста за тоа како другите го сфаќаат и вреднуваат субјектот, сфаќањето за тоа дека меѓучовечките настани, сопственото поведение, своите психичките појави и сопствениот животен пат зависат од единката и самоконтролата). Во истражувањето се појде од претпоставката дека за овие појави може да се заклучува врз основа на вербален материјал.

Во истражувањето се добиени податоци за поврзаноста на самосвеста со останатите испитувани појави. Тоа значи дека овие појави имаат многу заедничко. Ова го потврдува и податокот дека сите овие појави на статистички значаен начин се поврзани со антрополошкиот речник (кој е определен како сума од зборови кои се користат за означување и вреднување на луѓето и појавите што ги прават). Фондот на антрополошкиот речник и, особено, бројноста на психолошкиот речник се покажаа како добри индикатори за степенот на развиеноста на самосвеста, како и на сфаќањето и вреднува-

њето на другите. Со други зборови, резултатите на ова истражување ја потврдија претпоставката за тоа дека сложените психички појави, какви што се свеста за себеси и своето и сфаќањето и вреднувањето на другите, се поврзани со антрополошкиот речник, кој е компонента на семиотичкиот систем, и укажуваат на значењето на говорниот симболички систем за настанувањето и развојот на сложените психички појави.[3] Со тоа се даде уште една потврда на концепцијата за симболичката функција на Виготски и Ивиќ. Во концепцијата на последниов се истакнува оти говорот нема само социјална, туку и приватна функција (служи за самосознавање и др.) и, со оглед на тоа, дека највисоко ниво на изразување на симболичката функција е процесот на формирање внатрешни инстанци на личноста, дека заемната врска на социјалната и приватната функција на симболичкиот систем е клуч за разбирање на дијалектиката на социјалното и персоналното во психичкиот развиток. Некои индикации за тоа дека учеството на вербалното во самосвеста расте со нејзиниот развиток можат да се сфатат како потврда на тезата на Ананјев и на некои други автори за сè поголемата вербализација на сознајните функции во животниот век по раната младост.

Резултатите во врска со антрополошкиот речник, како и бројните случаи кога испитаниците во одговорите на прашањата за психичкото зборуваа за постапките, поведението и сл., укажуваат на тоа дека основна функција на говорот, кога тој се користи за антропогностички цели, е регистрирањето на појавите кои можат да се перципираат. Ова, секако, не значи дека говорот нема некои други и посложени функции. Тој има неколку функции, а некои (категоризација, обопштување, самоанализирање и др.) кај голем број луѓе се слабо изразени или, можеби, не постојат.

Резултатите и наодите на ова истражување овозможуваат да се изнесат следниве сознанија за вербалниот дел на самосвеста. Утврдено е постоењето на крупни разлики во степенот на диференцираноста и степенот на самокритичноста. Забележителни разлики постојат во степенот на соодветноста и степенот на конзистентноста. Забележливи се и разликите во степенот на индивидуализираноста на самоописите. Општиот впечаток дека во врска со распределбата на „просторот“ во самосвеста (колкав „простор“ опфаќаат одделните области, каков е нивниот однос во самосвеста)[4] меѓу испитаниците постојат крупни разлики го потврдуваат податоците за бројноста на категориите на антрополошкиот речник.[5] Особено е изразена разликата во областа на самосвеста која се однесува на психичкиот живот. На тоа укажува и податокот дека од сите категории на антро-

---

[3] Анализата на антрополошкиот речник отвора нови можности за изучување на некои сложени психички појави и на нивниот однос со јазикот.

[4] Петте основни области на самосвеста се однесуваат на: телото и телесното, изгледот, социјалното, активноста и психичкото.

[5] Многу е веројатно дека бројноста на психолошкиот речник би била помала доколку поголемиот број прашања од интервјуто не се однесуваа на областа на психичкото. Можно е дека психолошкиот речник, всушност, е најброен само кај помал дел од испитаниците, додека кај многу поголем дел од испитаниците тоа не е случај.

полошкиот речник најголема варијабилност има психолошкиот речник. Што се однесува до останатите основни области, особено за онаа која се однесува на активноста, степенот на варирањето е помал. Не мали разлики постојат и во „идеалното Јас". Кај поголемиот дел од испитаниците оној дел од „идеалното Јас" кој се однесува на психичкиот живот многу слабо е развиен, додека кај помалиот дел од испитаниците тој постои.

Накусо, во истражувањето се добиени докази за постоењето на крупни разлики во самосвеста и некои сложени психички појави. Овие разлики посебно се изразени кога е во прашање онаа област на самосвеста (и на сфаќањето и вреднувањето на други луѓе) која се однесува на психичкиот живот. Но, добиени се докази и за постоење на заедничкото. Така, кај сите испитаници постојат сите основни области на самосвеста и кај сите постои самовреднување.

Во истражувањето, значи, е утврдено дека степенот на развиеноста на овие аспекти на психичкиот живот варира. На ова укажуваат и следните податоци. Степенот на развиеноста на самосвеста е во умерено висока корелација (.68) со фондот на антрополошкиот речник, а од категориите на антрополошкиот речник има највисока корелација (.84) со психолошкиот речник. Корелацијата меѓу антрополошкиот речник и психолошкиот речник е висока (.72). Ова може да се толкува на следниов начин. Познато е дека развитокот на секој систем е неможен без одвивање на определени настани во него (а, исто така, и без измени во врските со други системи). Важен услов на развитокот е зголемување и растежот на системот. Самосвеста може да се сфати како систем кој е дел на поголемиот систем — психичкиот живот. Податоците од истражувањето укажуваат дека со зголемувањето на обемот на самосвеста доаѓа до важни промени во неа: се менува расподелбата на „просторот", така што делот од областа што се однесува на психичкиот живот се зголемува. Оттука, кај единките со поголем обем на самосвеста оваа област станува водечка или барем област која зазема значаен простор во самосвеста, што не е случај кај единките со мал обем на самосвеста. Аналогни промени се случуваат и со антрополошкиот речник: со зголемувањето на фондот на антрополошкиот речник се зголемува учеството на психолошкиот речник. Според тоа, резултатите од истражувањето укажуваат дека повисоките нивоа на развиеност на самосвеста не можат да се достигнат без развиена свест за сопствениот психички живот, без рефлексија за психичкиот живот (која е овозможена со користењето на сложен симболички систем, каков што е говорот кој е карактеристичен за образованите единки), односно дека кај високоразвиената самосвест најважно или клучно место има свеста за сопствениот психички живот.

Каква е врската на оваа со останатите области на самосвеста? За ова на јасен, иако индиректен, начин зборува тоа што психолошкиот речник е во ниска негативна корелација со биолошкиот и со речникот на активноста, додека корелациите со останатите категории се позитивни но ниски. Тоа укажува дека меѓу свеста за психичкиот живот и останатите области (особено областите кои се од-

несуваат на биолошкото и на активноста) не постои поврзаност, т.е. укажува дека постои ниво на развиеноста на самосвеста во кое свеста за психичкиот живот е слабо развиена и ниво во кое оваа област на самосвеста е во значителна мера развиена. Оттука следи дека областите на самосвеста не се развиваат паралелно и со ист темпо а, веројатно, ниту на ист начин.

Имајќи го предвид тоа дека меѓу испитаниците постојат крупни разлики во степенот на развиеноста на сфаќањето и вреднувањето на другите, посебно во онаа област која се однесува на психичкиот живот, како и податокот дека корелациите меѓу сите истражувани психички појави се умерено позитивни, може да се заклучи дека во текот на животниот век доаѓа до крупна пресвртница во развитокот на личноста. На ова укажуваат и следните податоци. Од сите категории на антрополошкиот речник психолошкиот речник има највисоки корелации со сите истражувани психички појави и сите негативни интеркорелации на категориите на антрополошкиот речник се меѓу психолошкиот речник, од една страна, и биолошкиот и речникот на активноста, од друга. Натаму, поголемиот дел од корелациите на последните две категории со степенот на развиеноста на самосвеста и на останатите истражувани психички појави се негативни, а помалиот дел се нулти или позитивни, но многу ниски. Значи, во текот на животниот век доаѓа (кај некои единки, во определени услови) до пресврт — ориентацијата кон психичкото нагло зајакнува и може да ја надвладее ориентацијата кон непсихичкото (биолошкото и бихевиоралното), единките кај себе и кај другите сè повеќе ги забележуваат, сфаќаат и вреднуваат психичките појави. Со оваа промена се поврзани крупни промени во целокупниот психички живот. Според тоа, резултатите и наодите на истражувањето се во прилог на оние теоретски сфаќања и концепции кои укажуваат дека рефлексијата на психичкиот живот е клучен услов за преодот на психичкиот живот кон повисокото — персонално — ниво, односно, како што некои велат, кон вистинското раѓање на личноста.

Резултатите на истражувањето јасно укажуваат дека со измените во сложените психички појави, со преодот на психичкиот живот на повисоко ниво на функционирање се поврзани измените во симболичкиот систем — тој се проширува или се прошируваат некои негови категории.

Постојат некои индиции за тоа дека функциите на повисокото и пониското ниво на развиеноста на самосвеста во извесна мера се различни.

Добиените резултати и наодите укажуваат дека основна линија на развитокот на самосвеста е — од надворешното и материјалното, преку бихевиоралното, кон внатрешното, психичкото.

Утврдена е статистички значајна поврзаност на процените за самосвеста и останатите истражувачки психички појави со сите варијабли кои се користени во истражувањето, освен со етничката припадност. Разликите во процените за истражуваните психички по-

јави се статистички значајни кај сите користени варијабли, освен кај етничката припадност (но, тоа не значи дека овие појави на каузален начин зависат од сите варијабли). Варијаблите пол и возраст не треба да се сфатат како значајни за развојот на самосвеста и не треба да се третираат како варијабли од чисто биолошки карактер. Под овие варијабли лежат некои други појави: животните услови, т.е. микро средината, позицијата, системот на врски, начинот на живеењето и др. Тоа кај младите и старите, кај машките и женските во значителна мера се разликува. Земајќи ги предвид некои современи научни сознанија, и за некои други варијабли, на пример писменоста, може да се рече оти не се од посебно значење за самосвеста и нејзиниот развиток. Од варијаблите кои се користени во ова истражување се чини дека особено значење имаат образовното ниво и видот на основната дејност (ова заради тоа што голем дел од живеењето го прави основната производна дејност, а живеењето, во нашево време и во нашата средина, во голема мера зависи од образовното ниво).

Резултатите ја потврдуваат основната претпоставка на истражувањето дека разликите во социјалните услови на живеењето и со нив поврзаните разлики во живеењето доведуваат до крупни разлики во самосвеста и кај уште некои психички појави кај луѓето од нашето време. Со тоа не е потврдена тезата на Лурија дека четири-пет децении по социјалистичката револуција и одвивањето на крупни општествено-економски промени во социјалистичката заедница не можат да се очекуваат покрупни разлики во психичкиот живот на членовите на заедницата (инаку, наодите на Лурија за главната линија на развитокот на самосвеста се потврдени). Свеста за себеси не се менува лесно и на едноставен начин по одвивањето на крупни промени на макрониво кај сите членови на заедницата; за да дојде до крупни промени во психичкиот живот, посебно во свеста за себеси, неопходно е да се случат крупни промени на нивото на микросредината, т.е. во условите од кои на непосреден и значаен начин зависи живеењето, што значи и да дојде до крупни промени во содржината и начинот на живеењето.

Од социјалните услови зависи живеењето (разновидноста, степенот на сложеноста и други особености на активноста, посебно на општењето) и животниот пат на единките. Самосвеста настанува, се менува и се развива во текот на животниот пат на единката врз основа на нејзиното искуство. За овој процес особено значење имаат некои социјални влијанија (барања и поттик за персонализација, ориентирање кон себеси и своето, самоопределување и др.) и определени задачи и мотиви (за самореализација, здобивање и проширување на свеста за себеси и своето, одбрана на себеси и своето, самоуважување и др.). Живеењето и животниот пат, барањата, поттикнувањата, задачите, мотивите и искуствата на единките се различни, во голема мера заради различните услови во кои живеат луѓето. Живеењето и животниот пат на единките кои се здобиле со високо образование во многу нешта се разликуваат од живеењето и животните патишта на единките кои останале необразовани. Нив-

ното доживување, сфаќање и вреднување на себеси и своето во извесна мера се разликуваат (бидејќи постојат сличности ов условите на живеењето и во живеењето, постојат и сличности во самосвеста).

Истражувањето дава уште една потврда на идеите и сфаќањата за социјалната условеност на самосвеста и другите сложени психички појави, за конструктивната улога на социјалните чинители и услови во формирањето на психичките појави или, пошироко речено, за зависноста на психичкиот живот и неговиот развиток од условите на живеењето и живеењето, за променливоста на психичкиот живот и неговата историска димензија. Вакви сфаќања и идеи помагаат да се објаснат и разликите и универзалното во самосвеста и во психичкиот живот во целост.

Потребно е да се спомне и тоа дека наодите на истражувањето покажуваат оти интроспекцијата не е појдовен и главен извор на свеста за себеси и своето. Нејзината развиена форма се јавува релативно доцна — дури во преодниот период на животниот век и тоа само кај луѓе кои живеат во определени услови и изведуваат разновидни и прилично сложени активности, од кои посебен значај има општењето.

Резултатите на истражувањето укажуваат дека најпсихичката од сите психички појави — свеста за себеси и своето — е поврзана со не-психичкото, дека најличното — доживувањето, сфаќањето и вреднувањето на себеси и на своето — зависи од неличното, надворешното. Но, за значењето на одделните чинители за самосвеста и нејзиниот развиток, за посредниците меѓу надворешните услови и самосвеста, за механизмите на социјалната условеност на самосвеста во нашето доба сè уште малку се знае. Судејќи по сè, основен посредник меѓу надворешното и личното е живеењето.

## *ЛИТЕРАТУРА*


— Анањев Б. Г., О проблемах современного человекознания, Москва, 1977.

— Анањев Б. Г., Избранние психологические труди, Т. 1—2, Москва, 1980.

— Valon A., Psihički razvoj deteta, Beograd, 1986.

— Виготский Л. С., Собрание сочинения, Т. I, III, IV, Москва, 1982—1984.

— Ivić I., Čovek kao animal symbolicum, Beograd, 1978.

— Јанаков Б., Самосознание и антропологический словар (Selfconsciousness and Anthropological Vocabulary), VII Meeting of Psychologist from Danubian Countries, Varna, 1985.

— Јанаков Б., Сознание о себе: фактори с которими связани различия, V-th Prague International Conference: Psychological Development and Personality Formative Processes, Prague, 1986.

— Кон И. С., В поисках себя. Личност и ее самосознание, Москва, 1984.

— Лурия А. Р., Об историческом развитии познавателних процессов, Москва, 1974.

— Malrije F., Identitet: Pojmovi i koncepcija, Kultura, br. 59, 1982.

— Hol K. S. — Lindzi G., Teorije ličnosti, Beograd, 1983.

— Wylie R. C., The Self-Concept, rev. ed., Vol. I—II, Lincoln, 1974/79.

*BLAGOJA JANAKOV*

## SELF-AWARENESS AND THE SOCIAL CONTEXT (A COMPARATIVE RESEARCH)

Summary

The research, in which, in addition to self-awareness, certain other germane mental and psychological phenomena (such as social perception) are examined, has been carried out in two villages remote from towns. An anthropological vocabulary, of words which serve to describe and evaluate people, has been extracted from the material recorded. It, and one of its categories — a psychological vocabulary — have been shown to be good indicators for research into mental and psychological phenomena; the links between the lexis and these phenomena are already proven. There have been shown to be vast differences in the scope and in other dimensions of self-awareness and, in particular, in awareness of mental and psychological life. The degree of development of self-awareness is linked to the type production activity, level of education, the economic and material situation and certain other variables. This has provided data showing that the most private matter for an individual — an awareness of him/herself — depends upon social conditions and other life activities.